Бр.-Nr. 08 - 55/7

24.07.2026 год.-viti

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 66 седница одржана на 03.07.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Дентална медицина", прв и втор циклус интегрирани академски студии (300 ЕКТС) на англиски јазик на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

1. Се акредитира студиската програма „Дентална медицина", прв и втор циклус интегрирани академски студии (300 ЕКТС) на англиски јазик на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 300 ЕКТС кредити на англиски јазик и со академски назив: Доктор по дентална медицина (VII A) НРК / во меѓународен промет, академски назив: Doctor of Dental Medicine (VII A) NQF.

Научно – истражувачко подрачје: 3 Медицински науки и здравство; Научно – истражувачко поле: 3.05 Други медицински науки, 3.05.01 Дентална медицина; Научно – истражувачка област: 3.05.01.01 Максило-фацијална хирургија, 3.05.01.02 Детска и превентивна стоматологија, 3.05.01.03 Ортодонција, 3.05.01.04 Стоматолошка протетика, 3.05.01.05 Дентална патологија, реставративна стоматологија и ендодонција, 3.05.01.06 Имплантологија, 3.05.01.07 Орална медицина и пародонтологија, 3.05.01.08 Форензична стоматологија, 3.05.01.09 Орална хирургија, 3.05.01.10 Рентген дијагностика во стоматолошката 3.05.01.11 Друго.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 40 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По претходно донесената Одлука бр. 0201-926/61 од 26.12.2025 година од страна на Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Дентална медицина", прв и втор циклус интегрирани академски студии (300 ЕКТС) на англиски јазик на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев", Штип до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.0809-107/6 од 14.01.2026 година (наш бр. 08–55/1 од 15.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 46-та седницата одржана на 26.01.2026 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08-55/6 од 07.07.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 66-та седница одржана на 03.07.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков